Република Македонија
Министерство за финансии

МФРМ.Ф.8.5/9-2

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

март, 2018 година

# СОДРЖИНА

Резиме ........ 2

I. Реален сектор

Индустриско производство ........ 3

Број на работници во индустријата ........ 4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ........ 5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ........ 5

Инфлација ........ 6

Берзански цени ........ 7

2. Надворешнотрговска размена

Извоз ........ 8

Увоз ........ 9

Салдо на трговска размена ........ 10

Валутна структура ........ 11

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ........ 11

Приходи по буџетски корисници ........ 13

Буџетски расходи според економската класификација ........ 13

Расходи по буџетски корисници ........ 15

Буџетско салдо ........ 17

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ........ 17

Плати ........ 18

Пензии ........ 18

5. Монетарен и финансиски сектор

Примарни пари ........ 19

Депозитен потенцијал ........ 19

Кредити на банките ........ 20

Каматни стапки на депозитни банки ........ 21

Пазар на капитал ........ 21

Девизни резерви ........ 22

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

март, 2018 година

- Индустриското производство во март 2018 година забележа раст од 4,6% во споредба со март 2017 година;

- Потрошувачките цени во март 2018 година се зголемија за 1,6% во однос на март 2017 година, по годишниот раст од 1,9% во февруари 2018 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари - март 2018 година изнесува 1,5%;

- Во периодот јануари – март 2018 година извозот забележа раст од 13,1%, а увозот од 12,5%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 10,8%, споредено со истиот период од 2017 година;

- Вкупните приходи на Буџетот во првите три месеци од 2018 година изнесуваа 43.376 милиони денари, односно 6,5% од БДП, што претставува поголемо остварување за 1,5% во однос на истиот период од 2017 година;

- Вкупните расходи на Буџетот во првите три месеци од 2018 година изнесуваа 46.508 милиони денари, односно 7,0% од БДП, што е за 0,4% повеќе во однос на истиот период од 2017 година;

- Вкупните кредити на банките во март 2018 година се зголемија за 5,8% во споредба со март 2017 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 7,1%.

# *1. РЕАЛЕН СЕКТОР*

## Индустриско производство

Индустриското производство во март 2018 година забележа раст од 4,6% во споредба со март 2017 година. Растот главно се должи на зголемувањето на производството во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 33,1% и придонес во растот од 3,4 п.п., но исто така е поддржан и од растот во секторот Преработувачка индустрија од 2,6% и вкупен придонес во растот од 2,1 п.п.. Падот на производството во секторот Рударство и вадење камен од 5,4% влијае кон ублажување на вкупниот раст на индустриското производство и истиот има негативен придонес од 0,5 п.п..

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Анализата по гранки укажува дека раст е забележан кај 11 од вкупно 27 гранки кои учествуваат со 44,9% во структурата на индустриското производство, со што втор месец по ред главен двигател на растот се неколку гранки кај кои е забележано многу високо зголемување на производството. Така на пример, кај поправка и инсталирање машини и опрема е забележан раст над 100%, додека производството на моторни возила и останатата производствена индустрија бележат раст од по над 60%. Кај гранките со двоцифрено учество во структурата забележан е пад, односно производството на машини и опрема забележа пад од 4,0%, а производството на прехранбени производи од 0,9%.

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Поделбата на индустриското производство по наменски групи укажува дека раст е забележан во групите: Енергија од 26,2% (придонес од 3,3 п.п.), Капитални производи од 13,5% (придонес од 2,9 п.п.), Трајни производи за широка потрошувачка од 35,4% (придонес од 0,9 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 1,8% (придонес од 0,6 п.п.). Пад на производството е забележан единствено во групата Интермедијарни производи, освен енергија од 8,1% (придонес од -2,4 п.п.).

Согласно кумулативните податоци за движењето на индустриското производство во првите три месеци од 2018 година, индустриското производство бележи раст од 5,2%, што во целост се должи на зголеменото производство во секторот Преработувачка индустрија од 7,4% и придонес од 6,0 п.п., но истиот е ублажен со падот во секторите Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 5,6% и негативен придонес од 0,6 п.п., како и Рударство и вадење камен од 6,2% и негативен придонес од 0,5 п.п..

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %)*




1 - Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација
2 - Производство на моторни возила, приколки и полуприколки
3 - Производство на електрична опрема
4 - Производство на тутунски производи
5 - Поправка и инсталирање на машини и опрема

Извор: ДЗС.

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %)*




1 - Производство на други неметални минерални производи
2 - Производство на машини и уреди
3 - Производство на метали
4 - Вадење на други руди и камен
5 - Производство на кожа и слични производи од кожа

Извор: ДЗС.

Податоците од анализата по сектори укажуваат на раст кај 14 од вкупно 27 гранки кои сочинуваат 55,1% во структурата на вкупното индустриско производство. Од гранките со двоцифрено учество во структурата, производството на машини и уреди забележа раст од 12,8% а производството на прехранбени производи од 1,4%.

Според податоците по наменски групи, растот главно е резултат на зголеменото производство во групата Капитални производи од 19,3% (придонес од 4,1 п.п.), а зголемување на производството е забележано и во групите Трајни производи за широка потрошувачка од 53,3% (придонес од 1,3 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 2,6% (придонес од 0,9 п.п.). Пад на производството бележат групите Енергија од 6,8% (придонес од -0,8 п.п.) и Интермедијарни производи, освен енергија од 2,2% (придонес од -0,6 п.п.).

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во март 2018 година е зголемен за 8,0%. Растот главно се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 8,9% и е поддржан со растот во секторот Рударство и вадење камен од 0,9%, додека во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација е забележан пад од 0,1%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во март 2018 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи од 23,9%, Интермедијарни производи, освен енергија од 16,0%, Нетрајни производи за

широка потрошувачка од 1,4% и Трајни производи за широка потрошувачка од 1,0%. Пад е забележан единствено во групата Енергија од 0,6%.

На кумулативна основа, во периодот јануари – март 2018 година е забележан раст на бројот на работници во индустријата од 6,7%, главно како последица на растот во секторот Преработувачка индустрија од 7,6%, но и во секторот Рударство и вадење камен од 0,6%, додека намалување на бројот на работници е забележан во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,5%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Во првите три месеци од 2018 година, раст на бројот на работници е забележан кај наменските групи: Капитални производи од 20,4%, Интермедијарни производи, освен енергија од 13,9%, Трајни производи за широка потрошувачка од 1,4% и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 1,0%. Пад на бројот на работници е забележан единствено во групата Енергија од 0,9%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во март 2018 година е поповолна во однос на претходниот месец, како и во однос на март 2017 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во март изнесува 67,0%, што претставува зголемување во однос на февруари 2018 година, кога изнесувало 66,9%. Споредено со истиот месец 2017 година, искористеноста на капацитетите е зголемена за 1,7 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во март 2018 година имаат следните фактори: недостигот на квалификувана работна сила со 21,8%, недоволната странска побарувачка со 19,7%, недоволната домашна побарувачка со 18,3% и неизвесното економско окружување со 10,7%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во март 2018 година споредено со претходниот месец е понеповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се поповолни во однос на февруари 2018 година, а залихите на готови производи на месечно ниво се намалени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во март 2018 година издадени се вкупно 211 одобренија за градење, што претставува пад од 45,1% споредено со истиот период од 2017 година. Во однос на февруари 2018 година, кога биле издадени 177 одобренија за градење, бројот на издадени одобренија за градење бележи раст од 19,2%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во март 2018 година на

годишна основа се намали за 76,0%. Споредено со претходниот месец, вредноста на објектите бележи намалување од 27,6%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 119 (или 56,4%) се наменети за објекти од високоградба, 35 (или 16,6%) за објекти од нискоградба и 57 (или 27,0%) за објекти за реконструкција.

**Графикон 1.5:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 211 издадени одобренија за градба, на 116 објекти (или 55,0%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 95 објекти (или 45,0%) инвеститори се деловни субјекти.

**Графикон 1.6:** Структура на издадените одобренија за градење по региони




Извор: ДЗС.

Во март 2018 година предвидена е изградба на 342 станови, со вкупна корисна површина од 27.398 $м^2$. Бројот на предвидени станови за изградба во однос на февруари 2018 година бележи пад од 43,9%, а на годишна основа е намален за 63,2%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во март 2018 година се зголемија за 1,6% во однос на март 2017 година, по годишниот раст од 1,9% во февруари 2018 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари - март 2018 година изнесува 1,5%.

Категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во март забележа годишен раст на цените од 2,3%, при што највисок раст имаа цените на овошјето (за 19,9%) и зеленчукот (за 10,2%).

**Графикон 1.7:** Инфлација според COICOP
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Највисок годишен раст на цените во март 2018 година е забележан во категоријата Транспорт од 6,0% следена со порастот на цените во категориите: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 5,1%, Рекреација и култура од 1,3%,

Ресторани и хотели од 1,2%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,6%, и Комуникации и  Останати стоки и услуги  од по 0,4%.

Годишен пад на цените во март  2018 година е регистриран во категориите: Облека и обувки од 0,9%,  Здравје од 0,8% и Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,3%. Цените во категоријата Образование останаа непроменети.

Потрошувачките цени во март 2018 година останаа непроменети во однос на претходниот месец. Притоа, зголемување на цените на месечно ниво е забележано во категориите: Останати стоки и услуги од 0,8%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина и Облека и обувки од по 0,5%, Комуникации од 0,2% и Храна и безалкохолни пијалаци од 0,1%.

**Графикон 1.8:** Структура на инфлацијата според COICOP
(*придонеси во п.п.*)




Извор: ДЗС.

Пад на цените на месечна основа е регистриран во категориите: Транспорт од 1,3%, Здравје од 0,3%, Рекреација и култура и Домување, вода, електрика, гас и други горива од по 0,1%.

Цените во категориите Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици, Образование и Ресторани и хотели останаа непроменети.

Цените на мало во март 2018 година во однос на истиот месец претходната година се зголемени за 2,8%, а на месечна основа се намалени за 0,1%. Цените на мало во периодот јануари - март 2018 година се повисоки за 2,9%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во март 2018 година споредено со претходниот месец се зголеми за 1,6% и изнесува 66,5 долари за барел. Во однос на март 2017 година, цената на нафтата бележи раст од 27,9%. Цената на природниот гас во март 2018 година се зголеми за 1,4% на месечна основа.

**Графикон 1.9:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
(*цена во долари/барел; стапка на раст во %*)




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Што се однесува до металните производи, никелот како значаен извозен производ, во март 2018 година се тргуваше со просечна цена од 13.393 долари за еден метрички тон ($/мт) и во споредба со февруари 2018 година бележи пад на цената од 1,5%. Во однос на истиот месец 2017 година, цената на никелот се зголеми за 31,2%. Покрај никелот, пад на цената на месечно ниво во март забележаа и останатите основни метали.

Така, цената на цинкот се намали за 7,5%, на оловото за 7,4%, на алуминиумот за 5,2%, на бакарот за 3,0% и на калајот за 2,0%.

Во март 2018 година, благородните метали бележат намалување на цената на месечно ниво. Така, цената на платината се намали за 3,3%, на среброто за 0,7% и на златото за 0,5%.

**Графикон 1.10:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Цената на пченката на светските берзи во март 2018 година во однос на претходниот месец се зголеми за 5,3%, а на пченицата за 4,4%. Цената на јагнешкото месо во март 2018 година споредено со февруари 2018 година се намали за 0,1%.

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите три месеци од 2018 година изнесува 3.080,1 милион евра, што претставува раст од 12,7% во однос на истиот период минатата година.

Во периодот јануари – март 2018 година најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 72,6%, што претставува зголемување од 2,2 п.п. во однос на истиот период претходната година.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

### Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - март 2018 година изнесува 1.299,1 милион евра и бележи раст од 13,1% (150,5 милиони евра) во однос на истиот период во 2017 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 8,2%.

Вредноста на извезените стоки во март 2018 година изнесува 416,6 милиони евра и бележи пад од 4,5% (19,6 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се намалил за 15,9%.

Анализирано на месечно ниво, во март 2018 година извозот бележи пад од 9,4% (43,4 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен пад од 13,9%.

**Графикон 2.2:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари – март 2018 година се: хемиски материи и производи, облека, железо и челик, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 46,8% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари – март 2018 година споредено со истиот период од 2017 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, ЕФТА, Организација на земјите - извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан и Северноамериканска зона на слободна трговија, додека пад има кај групациите: Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 16,0% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 10,9%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 85,0% и 10,0% соодветно.

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по економска намена
*(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари – март 2018 година изнесува 1.781,0 милион евра и бележи раст од 12,5% (197,3 милиони евра) во однос на истиот период од 2017 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 10,2%.

**Графикон 2.4:** Структура на увозот по економска намена
*(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Вредноста на увозот во март 2018 година изнесува 642,4 милиони

евра, што претставува раст од 5,1% (31,3 милиони евра) во однос на истиот месец од 2017 година, а увезените количини стоки се намалени за 19,1%.

Анализирано на месечно ниво, во март 2018 година увозот бележи раст од 11,3% (65,4 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен пад од 1,3%.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи на производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - III - 2017 | I - III - 2018 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 22,3 | 35,4 | 13,1 | 58,4 |
| Мил. ЕУР | 10,0 | 13,7 | 3,7 | 36,8 |
| Мил.$ | 10,6 | 16,8 | 6,1 | 57,7 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - III - 2017 | I - III - 2018 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 252,5 | 213,4 | -39,1 | -15,5 |
| Мил. ЕУР | 102,0 | 101,3 | -0,6 | -0,6 |
| Мил.$ | 108,5 | 124,5 | 15,9 | 14,7 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - III - 2017 | I - III - 2018 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 10,0 | 4,5 | -5,5 | -55,0 |
| Мил. ЕУР | 249,0 | 279,0 | 30,0 | 12,0 |
| Мил.$ | 265,7 | 343,0 | 77,3 | 29,1 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - III - 2017 | I - III - 2018 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 7,0 | 6,7 | -0,3 | -4,0 |
| Мил. ЕУР | 46,2 | 49,7 | 3,6 | 7,7 |
| Мил.$ | 49,2 | 61,2 | 12,0 | 24,3 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - III - 2017 | I - III - 2018 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 167,3 | 174,3 | 7,1 | 4,2 |
| Мил. ЕУР | 111,5 | 104,0 | -7,5 | -6,7 |
| Мил.$ | 118,9 | 128,1 | 9,2 | 7,7 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - III - 2017 | I - III - 2018 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 160,8 | 239,2 | 78,4 | 48,7 |
| Мил. ЕУР | 79,7 | 127,5 | 47,8 | 60,0 |
| Мил.$ | 85,0 | 157,1 | 72,1 | 84,8 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во првите три месеци од 2018 година, трговскиот дефицит се зголеми за 10,8% односно 46,8 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во март 2018 година трговскиот дефицит се зголеми за 29,1% односно 50,9 милиони евра споредено со март 2017 година.

**Графикон 2.5:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од проширувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки, стоки за инвестиции без транспортна опрема, храна и пијалаци и горива и мазива, како и стеснувањето на позитивното салдо во размената со стоки за широка потрошувачка. Од друга страна, кон намалување на дефицитот дејствуваше проширувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

Во периодот јануари – март 2018 година 88,8% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина, Грција и Србија, а потоа следуваат: Турција, Италија, Русија, САД, Полска, Романија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Хрватска и Шпанија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 88,2% од трговската размена во периодот јануари – март 2018 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2017 година претставува зголемување од 1,8 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 94,3% и 83,7%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е зголемена за 2,0 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 1,7 п.п. во однос на периодот јануари – март 2017 година.

Табела 2.2 Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - III - 2017 | | | | | I - III - 2018 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 938,5 | 1.298.622.086 | 61,5601 | 79.943.305.504 | 82,0 | 1.038,4 | 1.490.872.586 | 61,5580 | 91.775.134.677 | 83,7 | 192.250.500 | 14,8 |
| УСД | 509,9 | 290.793.042 | 57,8297 | 16.816.474.386 | 17,2 | 261,4 | 335.518.604 | 50,0967 | 16.808.374.858 | 15,3 | 44.725.562 | 15,4 |
| ГБП | 1,1 | 4.843.215 | 71,5557 | 346.559.662 | 0,4 | 1,6 | 7.374.412 | 69,6764 | 513.822.447 | 0,5 | 2.531.196 | 52,3 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 1.449,5 | | | 97.106.339.551 | 99,2 | 1.301,4 | | | 109.097.331.981 | 99,5 | | |
| вк извоз: | 1.452,8 | | | 97.506.481.229 | 100,0 | 1.305,3 | | | 109.638.232.347 | 100,0 | | 12,4 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# *3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР*

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во првите три месеци од 2018 година изнесуваа 43.376 милиони денари, односно 6,5% од БДП, што претставува поголемо остварување за 1,5% во однос на истиот период од 2017 година.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Даночните приходи во наведениот период се реализирани во износ од 25.529 милиони денари и во однос на истиот период претходната година се зголемени за 3,8%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 11.527 милиони денари, што претставува намалување за 5,3% во однос на минатата година, со доминантно учеството во вкупните даночни приходи од 45,2%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 17.177 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 5.650 милиони денари (бруто наплатата е повисока за 5,5%, додекаповратот по основ на ДДВ е повисок за 37,1% споредено со истиот период во

2017 година што претставува значително зголемување). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз кој забележува поголемо остварување за 93,0%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 23,4%. ДДВ од донации, чие учество е незначително, забележа помало остварување за 29,3%.

Акцизите се остварени во износ од 5.666 милиони денари (учество од 22,2% во даночните приходи), што претставува зголемување од 27,3%. Така, од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 17.193 милиони денари, што претставува 67,3% од вкупните даночни приходи во овој период.

Приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 3.617 милиони денари и забележуваат раст од 3,6% на годишна основа, при што 2/3, односно 67,3% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 7,0% од приходи од капитал, 6,8% од приходи по основ на договор на дело, 6,3% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 4,4% од приходи од имот и имотни права и 2,1% од приходи од земјоделство и шумарство. Приходите од данокот од добивка во овој тримесечен период изнесуваа 3.179 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 0,7% во однос на истиот период од претходната година, што е главно резултат на данокот наплатен по основ на месечни аконтации (зголемување од 5,7%). Намалување бележат доплатите по даночни биланси (1,8%), данокот по основ на дивиденди и други распределби од добивката (44,5%) и на задржаниот данок за странски правни лица (28,2%).

Приходите од царина беа остварени во износ од 1.408 милиони денари и забележаа зголемување од 12,5%. Приходите од други даноци со остварен износ од 132 милиона денари забележаа поголемо остварување за 73,7% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 13.058 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 4,7% споредено со истиот период од 2017 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 4,4%, кај придонесите за вработување за 5,3% и кај придонесите за здравствено осигурување за 5,4%.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 3.204 милиони денари и во однос на истиот период во 2017 година забележаа помало остварување од 27,2% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 456 милиони денари, што претставува речиси четирипати повеќе во однос на минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 788 милиони денари и се намалени за 7,9% во однос на истиот период лани.

## Приходи по буџетски корисници

Буџетските приходи, односно приливот на средства во Централниот буџет се остваруваат главно преку Министерството за финансии – функции на државата и во периодот јануари – март 2018 година тие изнесуваат 57.613 милиони денари, односно 95,2% од приходите на сите буџетски корисници, а претставуваат 36,3% од годишниот план на овој буџетски корисник.

Во рамки на Министерството за финансии – функции на државата преовладуваат даночните приходи, кои претставуваат 43,8% од вкупните приходи и прилив на овој буџетски корисник, при што нивната наплата во периодот јануари - март изнесуваше 22,6% од годишниот план. Средствата по основ на задолжување во странство изнесуваат 23.968 милиони денари, што претставува 41,6% од вкупниот износ на овој буџетски корисник.

**Графикон 3.2:** Структура на приходите на Министерството за финансии – функции на државата




Извор: МФ.

Министерството за образование и наука оствари приходи кои изнесуваат 984 милиони денари, што претставува 1,6% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници, а претставуваат главно неданочни приходи, односно средства кои се остварени по основ на такси и надоместоци.

Следен буџетски корисник со најголеми приходи и прилив на средства е Министерството за здравство, кое има остварено приходи во износ од 481 милион денари, односно 0,8% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и 63,6% од тој износ претставуваат приливи на средства стекнати по основ на задолжување во странство. Останатите буџетски корисници збирно имаат остварено 2,4% од вкупните приходи и приливи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

Во однос на буџетските фондови, најмногу приходи остварува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, кои во периодот јануари – март 2018 година изнесуваат 16.510 милиони денари и претставуваат 24,3% од годишниот план на Фондот.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во првите три месеци од 2018 година изнесуваа 46.508 милиони денари, односно 7,0% од БДП, што е за 0,4% повеќе во однос на истиот период од 2017 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 44.714 милиони денари учествуваа со 96,1% и се зголемени за 8,4% во однос на истиот период од 2017 година.

Платите и надоместоците беа реализирани во износ од 6.543 милиони денари и нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 14,1% и во однос на 2017 година се пониски за 0,7%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 3.243 милиони денари и споредено со истиот период од 2017 година забележаа намалување од 12,9%.

**Графикон 3.3:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 33.510 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа поголема реализација за 14,1% споредено со истиот период од 2017 година и истите учествуваа со 72,1% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 23.858 милиони денари, забележаа раст од 3,5% и учествуваа со 51,3% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 14.774 милиони денари, што е зголемување за 3,9% споредено со истиот период од 2017 година и учествуваат со 31,8% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 19,9%, односно забележаа поголема реализација за 57,0%. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 3.942 милиона денари забележаа зголемување од 4,2%, во споредба со истиот период претходната година. Субвенциите и трансферите изнесуваа 4.758 милиони денари што е трипати повеќе споредено со минатата година.

Каматните расходи изнесуваат 1.418 милиони денари, што е за 10,1% помалку во споредба со истиот период од 2017 година. Расходите за камати од домашно задолжување беа зголемени за 3,8%, додека каматите од странско задолжување беа намалени за 27,5%.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 1.794 милиони денари со структурно учество од 3,9% во вкупните расходи (0,3% учество во БДП), односно забележаа пониска реализација за 64,5% во споредба со истиот период лани.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет претставува 85% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари - март 2018 година реализираше 10.541 милион денари или 24,2% од вкупниот буџет за 2018 година. Притоа, најголем дел (75,1%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 7.915 милиони денари или 25,0% од средствата наменети за 2018 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 17,2% во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 22,6% (1.813 милиони денари) од планираните за 2018 година.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници




Извор: МФ.

Во првите три месеци од 2018 година преку разделот Министерство за финансии - функции на државата[1] реализирани се 15.167 милиони денари, што претставува 38,7% од годишниот буџет. Најголем дел од расходите или 81,3% отпаѓаат на отплата на главнина, за што се потрошени 12.326 милиони денари, односно 54,8% од средствата планирани за оваа намена во 2018 година. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 9,1% од вкупните расходи, за што се реализирани 1.382 милиона денари или 15,9% од планираното.

Министерството за образование и наука во периодот јануари - март 2018 година изврши буџетски средства во износ од 5.142 милиона денари, што е 20,4% од вкупниот буџет за 2018 година. Најголем дел од расходите (66,3%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 3.412 милиони денари или 24,7% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци се втора најзначајна ставка со учество од 16,1%, за што се потрошени 828 милиони денари, односно 23,6% од вкупно предвидените.

Во првиот квартал од 2018 година од страна на Министерството за внатрешни работи реализирани се вкупно 2.656 милиони денари, што претставува 25,9% од сопствениот буџет за 2018 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 68,2%, за што се потрошени 1.810 милиони

[1] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално ко-финансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

денари или 24,8% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 15,3%, за што се реализирани 406 милиони денари или 23,2% од годишниот план.

Во периодот јануари - март 2018 година Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој реализираше средства во износ од 3.029 милиони денари, што претставува 35,1% од планираните средства за тековната година, а 98,0% од нив отпаѓаат на субвенции и трансфери.

Министерството за здравство во првите три месеци од 2018 година реализираше буџетски средства во износ од 1.450 милиони денари, што е 21,7% од вкупниот буџет за 2018 година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 64,4%, за што се потрошени 934 милиони денари или 33,5% од средствата наменети за 2018 година. Стоките и услугите се втора најзначајна ставка со учество од 28,8% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена се потрошени 417 милиони денари, односно 21,2% од вкупно предвидените.

Министерството за одбрана во периодот јануари - март 2018 година изврши буџетски средства во износ од 1.296 милиони денари, што е 19,9% од вкупниот буџет за 2018 година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество со 70,6%, за што во 2018 година се реализирани 914 милиони денари, што претставува 24,2% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 24,2% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 314 милиони денари, односно 18,0% од вкупно предвидените.

Министерството за транспорт и врски во првиот квартал од 2018 година реализираше средства во износ од 498 милиони денари, што е 8,2% од вкупниот буџет за 2018 година. Капиталните расходи имаат највисоко учество во вкупните расходи со 56,3%, а нивната реализација изнесува 5,3% односно извршени се 280 милиони денари. Субвенциите и трансферите изнесуваат 177 милиони денари, што е 29,6% од вкупно планираните, а 35,5% од расходите на овој буџетски корисник.

За Финансирање на дејностите од областа на културата[2] во периодот јануари – март 2018 година извршени се средства во износ од 759 милиони денари, што е 20,2% од вкупниот буџет за 2018 година. Платите и надоместоците имаат највисоко учество во вкупните расходи со 33,4%, а нивната реализација изнесува 24,1% односно извршени се 253 милиони денари. Капиталните расходи учествуваат со 28,3%, а за оваа намена реализирани се 215 милиони денари или 22,0% од планираното. За субвенции и трансфери реализирани се 190 милиони денари, што претставува 15,5% од вкупно предвидените средства за тековната година, а оваа ставка претставува 25,1% од вкупните расходи. Деталните податоци за секој

2 Со финансирањето на дејностите од областа на културата се поддржуваат програмите на установите од областа на културата во издавачката дејност, библиотекарството, филмската дејност, музичката и сценско-уметничката дејност, заштитата на културното наследство, ликовната и галериската дејност, културно-уметничките манифестации, музејската и кинотечната дејност, меѓународната соработка од областа на културата, поддршката на младите таленти, организациите од областа на културата, децентрализацијата на власта и поинтензивно реализирање на капиталните проекти.

буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк (*http://finance.gov.mk/mk/node/693*).

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – март 2018 година остварен е дефицит во Буџетот на Република Македонија од 3.132 милиона денари, што претставува 0,5% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 3.978 милиони денари и претставува 0,6% од БДП.

# *4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

## Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во периодот јануари – март 2018 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 52.179 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени во овој период е повисок за 11,4% во однос на истиот период од 2017 година.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРМ.

Од вкупниот број нововработени, 38,9% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во март 2018 година 23,9% се од евиденцијата на невработени.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРМ.

Вкупниот број невработени лица во март 2018 година изнесува 191.608, од кои 102.538 се активни баратели на работа, а 89.070 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е намален за 4,6%.

Најголем дел од невработените лица (66,8%) се градско население, а според половата структура 58,7% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 57,5% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 28,1% се со завршено средно образование, додека 14,4% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 48,5% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 49,0% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 8,3% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во февруари 2018 година оствари годишен раст од 3,6%, а во однос на претходниот месец е пониска за 3,6%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Рударство и вадење камен (14,5%), Преработувачка индустрија (10,7%) и Информации и комуникации (10,5%). Реалните плати во февруари забележаа годишен раст од 1,7%.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во февруари 2018 година оствари годишен раст од 3,4%, а во однос на претходниот месец е пониска за 3,5%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Рударство и вадење камен (12,8%), Преработувачка индустрија (11,0%) и Информации и комуникации (10,9%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 1,5%.

## Пензии

Во март 2018 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 311.492 пензионера, што претставува зголемување од 2,8% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е повисок за 1.160 лица. Од вкупниот број пензионери, 63,7% се корисници на старосна пензија, 24,5% се корисници на семејна

**Графикон 4.5:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОМ.

пензија и 11,8% се корисници на инвалидска пензија.

Просечната пензија во март 2018 година изнесува 14.161 денар и е за 1,9% повисока во однос на истиот месец минатата година. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во февруари 2018 година (последни расположливи податоци) изнесува 60,0%.

Просечната старосна пензија во март изнесува 15.477 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 12.842 денари, а просечната семејна пензија 11.369 денари. За исплата на пензиите во март 2018 година се потрошени 4.253,06 милиони денари, што претставува 51,8% од вкупните социјални трансфери.

# *5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР*

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити




Извор: НБРМ.

Во март 2018 година, Народна банка на Република Македонија ја намали основната каматна стапка од 3,25% на 3,0%, како резултат на здрави економски основи, без присуство на нерамнотежи и стабилизирање на довербата и очекувањата на економските субјекти, видливо преку поволните движења на девизниот пазар и постепеното забрзување на депозитниот раст. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена се намали за 0,2 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

## Примарни пари

Во март 2018 година, примарните пари[3] регистрираа пад од 5,6% на годишна основа, во услови на пад на вкупните ликвидни средства на банките од 16,0%, додека готовите пари во оптек се зголемија за 5,0%.

На месечно ниво, примарните пари регистрираа пад од 8,8%, како резултат на намалувањето на вкупните ликвидни средства на банките за 18,7%, додека готовите пари во оптек регистрираа раст од 1,2%.

## Депозитен потенцијал

Во март 2018 година, вкупните депозити на банките регистрираа пад од 0,3% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот

[3]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

месец, депозитите на приватните претпријатија се намалија за 2,4%, а депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 0,3%.

Од аспект на валутата, во март 2018 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна и странска валута се намалија за 0,4% и 0,1%, соодветно.

Вкупниот депозитен потенцијал во март 2018 година оствари раст од 7,1% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 8,1% и 5,7%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво депозитите на претпријатијата овој месец бележат раст од 2,3%, а депозитите на домаќинствата се зголемија за 7,3%.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се намалија за 0,2%, а долгорочните депозити регистрираа зголемување од 12,0%.

Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 58,9%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (март 2018 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **340.135** | **-0,3%** | **7,1%** |
| Денари | *200.459* | -0,4% | 8,1% |
| Странска валута | *139.676* | -0,1% | 5,7% |
| Краткорочни | *152.798* | -0,8% | -0,2% |
| Долгорочни | *97.162* | 2,0% | 12,0% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **296.455** | **0,3%** | **5,8%** |
| Денари | *249.354* | 0,7% | 8,1% |
| Странска валута | *47.101* | -1,4% | -5,0% |
| Краткорочни | *63.499* | 1,3% | 4,5% |
| Долгорочни | *216.409* | 1,3% | 8,0% |
| Сомнителни и спорни побарувања | *15.023* | -14,7% | -13,8% |

Извор: НБРМ

## Кредити на банките

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРМ.

Во март 2018 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,3% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека во март 2018 година кредитите кон претпријатијата се намалија за 0,2%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 0,9%. Од аспект на валутата, во

март 2018 година, на месечно ниво денарските кредити регистрираа раст од 0,7%, а девизните кредити се намалија за 1,4%.

На годишна основа, во март 2018 година вкупните кредити се зголемија за 5,8%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата за 9,4% и раст на кредитите кон претпријатијата 2,4%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 8,1%, додека кредитите во странска валута регистрираа пад од 5,0%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 8,0%, а краткорочните кредити се зголемија за 4,5%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во март 2018 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,03 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 5,67%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,04 п.п. и изнесува 5,90%, а каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,05 п.п. на месечно ниво и изнесува 4,56%.

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРМ.

Вкупната каматна стапка на депозитите во март 2018 година изнесува 1,48% и е намалена за 0,02 п.п. во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити се намали за 0,04 п.п. и изнесува 2,10%, а каматната стапка на девизните депозити истиот така регистрираше намалување за 0,02 п.п. во споредба со минатиот месец и изнесува 0,76%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во март 2018 година вкупниот промет на берзата регистрираше раст за 9,7 пати (873,6%) на месечно ниво, како резултат на драстичното зголемување на прометот од блок трансакциите за 82 пати (8098,4%), како и растот на прометот од класичното тргување за 9,9%.

Вкупниот промет на берзата во март 2018 година изнесуваше 3.481 милион денари и истиот е зголемен за 9,8 пати (881,6%) на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на март 2018 година изнесуваше 2.766,11 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е намален за 0,1%, а во однос на истиот месец претходната година индексот е

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

повисок за 22,9%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на март 2018 година изнесуваа 2.577,1 милион евра и во однос на претходниот месец се намалени за 10,7 милиони евра, додека во однос на март 2017 година се зголемени за 42,7 милиони евра.

Министерство за финансии
Сектор за макроекономска политика
„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје
http://www.finance.gov.mk/mk
http://www.finance.gov.mk/mk/node/693